Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 14.02.2020

На 13.02.2020 во 12.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Горче Петров" го лишиле од слобода Г.Р.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.02.2020 во 21.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Перо Наков", ги лишиле од слобода М.Д.(27) и А.Ш.(22), двајата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај них била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против них ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 13.02.2020 околу 23.15 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.К.(20) од Куманово и Л.И.(20) од с.Оризари, општина Липково, затоа што при преглед кај них била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против них ќе бидат поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.А.(36) од Р.Србија, со привремен престој во Куманово, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.02.2020 на ул.„Моша Пијаде" во Куманово, полициски службеници извршиле преглед на приславениот, при што пронашле и одземле марихуана.

На 13.02.2020 во 23.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Есперанто" го лишиле од слобода М.З.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден пиштол „Ц3 Б", калибер 9 мм, една рамка со 10 куршуми и метална палка. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.02.2020 во 12.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Горче Петров", при извршен преглед кај А.А.(24) од Скопје, пронашле нож на расклопување. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на изминатата недела СВР Куманово презеде мерки и реализираше повеќе кривични дела „тешки кражби" од куќи и станови. На 12.02.2020, врз основа на судска наредба, извршен е претрес во домот на Р.М.(47) од Куманово, при што се пронајдени и одземени електронски шпорет и машина за перење, додека од неговиот 16-годишен син одземени се 20 пара машки и женски обувки. Истиот ден бил извршен претрес и во домот на И.З.(31) од Куманово, при се пронајдени и одземени неколку електронски апарати за домаќинство и повеќе други предмети за домаќинство. Поради постоење основи на сомнение дека е сторителот на кривично дело „тешка кражба" од куќа е лишен 16-годишникот, во присуство на неговата мајка. По целосно документирање и расчистување на случајте, против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 13.02.2020 во 12.20 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", при пасошка контрола, било констатирано дека С.П.(25) од Царев Двор, ресенско, се наоѓа на листата со мерка „апси", по наредба од Основен Суд Битола, за сторено кривично дело „кражба". Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Скопје за спровод до Казнено-поправниот дом Затвор Прилеп.

Полициски службеници од СВР Битола на 13.02.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека две лица управувале возило без да поседуваат возачка дозвола, брзината ја надминале Правилникот, две возила биле нерегистрирани, а сигурносен појас не користел еден возач. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 13.02.2020 во 11.40 часот бил приведен дека на крстосница од улиците „Христијан Тодоровски Карпош" и „Киро Фетак" во Куманово патничко возило „шкода фабија", со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.М.(20) од с.Матејче, општина Липково, удрило во пешакот М.К.(84) од Куманово. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово.

На 13.02.2020 во 19.20 часот во Полициската станица Карпош, И.З.(50) од Скопје пријавил дека во Градски парк бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во текот на 13.02.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности, при што од сообраќај се исклучени еден возач затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило и едно возило бидејќи било нерегистрирано. Во однос на пешаците санкционирани се 19 пешаци. Во текот на изминатиот ден, 75 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 13.02.2020 во 12.35 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, С.Ш.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Плачковица" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Х.(61) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.03.2019 полициски службеници извршиле претрес во домот на приславениот, при што пронашле и одземле хероин, марихуана, мешавина од кофеин и парацетамол, како и други предмети со остаток од хероин.

Регионалниот центар за гранични работи Запад – Одделение за прекуграничен криминал Струга, во соработка со Одделението за внатрешни работи Струга поднесе кривична пријава против Б.Л.(21) од Р.Албанија, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „тешка кражба". Приславениот го сторил делото во викенд куќа во с.Горна Белица, струшко, каде одзел повеќе предмети, кои биле пронајдени и одземени од него.

Одделението за внатрешни работи Кичево, на 13.02.2020 презеде мерки, од слобода лиши и приведе лице од Кичево, одведе дде товарни моторни возила и шест коми натоварени со нежелезно згрепо дабови дрва, две моторни пили и друг алат и прибор. Мерките се преземени на регионалниот пат Кичево - Македонски Брод, како и во шумскиот појас кај кичевското село Челопетец. Дрвната маса е одземена и предадена на Шумската полиција и по целосно документирање на настанот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветни пријави.

На 13.02.2020 во 05.00 часот во Одделението за внатрешни работи Прилеп, А.Д.(50) од Прилеп приславила дека околу 02.30 часот на Железничка станица – Прилеп едно лице со употреба на сила и одземо пари и златно ланче, по што побегнало. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.02.2020 Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово спроведе интензивни мерки и активности за поголем ред со паркирањето, посебно во централното тетовско подрачје. Притоа, откриени и законски санкционирани, а потоа и подигнати од „пајак-службата" биле 16 погрешно паркирани возила, кои го попречувале нормалното и безбедно движење на другите учесници во сообраќајот. Во овие активности, исто така, откриени се и шест возачи кои ги управувале возилата без возачка дозвола, четири возачи кои не се придржувале на законските ограничувања и околу 30 други видови прекршоци.

На 13.02.2020 во 16.30 часот во СВР Скопје, Б.М.(68) од Скопје пријавил дека бил измамен од едно лице. Според пријавеното, околу 10.55 часот на телефон му се јавило лицето и му соопштило дека неговата ќерка учествувала во сообраќајна незгода, по што друго лице се претставило како полициски службеник и побарало пари за да се прикрие случајот. Исто така, според пријавеното, тој се согласил на тоа и во 12.44 часот пред неговата куќа му предал пари на лицето. Во 15.50 часот Б.М., откако контактирал со неговата ќерка, сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.02.2020 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница во Скопје се тешки телесни повреди бил донесен С.Р.(45) од с.Идризово, скопско. Според пријавеното, тој се повредил додека извршувал работни задачи за поставување цевковод за с.Булачани. Увид бил извршен, а за настанот бил запознаен Трудов инспектор.

На 14.02.2020 во 01.30 часот во СВР Скопје, Х.Ц.(34) од Скопје пријавил дека во 01.10 часот на ул.„Максут Садик", кај местото викано „Две чешми", неговиот 13-годишен син бил физички нападнат од М.С.(23) од Скопје. Потоа, околу 01.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Максут Садик", поради настанот што претходел, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.И.(32), Х.Ц., М.С. и И.Ј.(45), сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.02.2020 околу 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Христијан Тодоровски Карпош", по претходно случена сообраќајна незгода, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.К.(27) и М.М.(22), двајата од Скопје, по што од страна на полициски службеници лицата биле лишени од слобода. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.02.2020 во 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 21.35 часот на ул.„Фушгатска", поради меѓусебно недоразбирање, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.К.(49) и А.Ф.(20), двајата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.02.2020 во 13.35 часот на ул.„Бранислав Нушиќ" во Скопје, Ф.П.(45) од Скопје го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување и навредување на полициска службеника која вршела службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 4 и член 13 став 2 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 13.02.2020 околу 12.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во две монтажни барани на ул.„Нов живот" во нас.Шуто Оризари, сопственост на С.М.(41) и З.И.(44), двајата од Скопје. Во пожарот била зафатена кровната конструкција на бараките и дел од покуќнината, како и кровна конструкција од барака во сопственост на Т.Љ.(48) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 13.02.2020 во 12.08 часот во СВР Скопје, И.Д.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Тесла" настанал пожар во контејнер. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 13.02.2020 во 15.45 часот на ул.„Јаким Стојковски" во Пробиштип, патничко возило „пежо", со непознати регистарски ознаки, удрило во петгодишно девојче од Пробиштип, по што го напуштило местото. Во незгодата со повреди се здобило детето и било пренесено во Здравствен дом - Пробиштип за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Пробиштип.

На 13.02.2020 околу 13.00 часот во Полициската станица Карпош, П.Р.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Шекспирова" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И.Л.(36) од с.Франгово, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 06.02.2019 приславениот упатувал закани по животот на Ѓ.М.(50) од Струга, додека бил на своето работно место во Шумска полициска станица – Струга.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Г.Л.(63) од с.Дабниште, кавадаречко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со опојни или расрпскувачки материи". На 24.09.2019 полициски службеници извршиле претрес во домот на приславениот, при што пронашле и одземе два револвери, еден пиштол „ЈНОМ", две возачки пушки, поголема количина на разновидна муниција и делови за оружје.

На 13.02.2020 во 14.00 часот во СВР Тетово, М.К. од село Жировница, општина Маврово-Ростуше, приславил дека во близина на селската чамија неговата 19 – годишна ќерка била касната од куче скитник на левата рака.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Л.С.(56) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 11.10.2019 полициски службеници извршиле претрес врз патничко возило што го управувала приславената, при што дело констатирано дека бројот за идентификација во сообраќајната дозвола не се совпаѓал со бројот на шасијата.

На 13.02.2020 во 12.15 часот во Полициската станица Карпош, С.Г.(80) од Скопје пријавил дека на ул.„Шекспирова" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против З.Б.(22) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 08.02.2020 полициски службеници извршиле претрес во домот на приславениот, при што пронашле и одземе марихуана.

Сајтот е изработен и е одржуван од МВР и е изграден по чл.41 ст.1 и чл.251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димитар Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)2)3112468 е-пошта: kontakt@mvr.gov.mk
Изработено од Унет